ИСТОЧЕН РЕГИОН

0

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2015 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015 – 2019

**Јануари, 2015**

СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Среднорочни цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион во 2015 година
3. Надлежна институција за спроведување на мерките за регионален развој
4. ПРИЛОГ

Врз основа на член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој (“Службен весник на РМ” 63/2007), Советот за развој на Источниот плански регион на својата редовна седница одржана на ден 23.01.2015 година донесе

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2015 ГОДИНА

За спроведување на Програмата за развој на
Источен плански регион
2015-2019

## 1. Вовед

Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/2007 и 187/2013) заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој на Република Македонија. Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009 - 2019 ("Службен весник на РМ" број 119/2009) и Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2013 - 2015 ("Службен весник на РМ" број 122/2013 од 04.09.2013) се првите документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој во Република Македонија.

Врз основа на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019, овој **предлог - Акционен план** (понатаму во текстот Акционен план) ги претставува приоритетите за развој на Источниот плански регион во 2015 година.

Целта на овој план е да овозможи транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика, да ја информира општата јавност во Источниот плански регион и пошироко за главните прашања во развој на регионот во 2015 година и да овозможи координирање на активностите на различните заинтересирани страни на централно, регионално и локално ниво за регионалниот развој на Источниот плански регион.

**Правната рамка за Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион во 2015 година** е во Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007 и 187/2013) кој го дефинира Акциониот план како краткорочен оперативен документ, во кој се утврдуваат носители, финансиски средства и временска динамика за реализација на проекти. Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 е утврдена во член 20 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува **донесување на едногодишен Акционен план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион од страна на Советот за развој на планскиот регион. Членот 26 од истиот закон предвидува Центарот за развој на планскиот регион да го изработи **предлог-акциониот план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.

**Содржина на Акциониот план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион е уредена со Правилникот за Методологијата за изработка на планските документи за регионален развој. ("Службен весник на РМ" бр. 102/2009).

Членот 24 од оваа Методологија дефинира дека Акциониот план за спроведување на програмата за развој треба да содржи:

- Среднорочни цели, приоритети и мерки за спроведување на приориотетите на регионалниот развој;
- Индикатори за следење на спроведувањето на мерките на регионалниот развој;
- Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Индикативна финансиска табела за висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој.

Акциониот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2015 година, претставува документ, чии појдовни основи се Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 и Акциониот план на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2014 година. Истиот е изработен во согласност со Методологијата за изработка на плански документи за регионалниот развој ("Службен весник на РМ" бр. 102/2009). Тимот кој го водеше процесот на подготовка и изработка на Акциониот план беше составен од вработените во Центарот за развој на Источниот плански регион, вработените во канцелариите за локален економски развој во општините во состав на регионот и претставници од останати невладини организации и институции од Источниот плански регион. Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион во 2015 ги содржи сите неопходни оперативни чекори за имплементација на целите и приоритетите во 2015 година како и финансиската рамка која треба да биде покриена од буџетските средства на Владата на Република Македонија (Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој) наменети за рамномерен регионален развој, средства од Програмите на линиските министерства, средства од предпристапни фондови на Европската унија како и средства од донации.

**Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2015 година** е претставен преку табеларен приказ кој ги следи среднорочните цели и приоритети на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 и дава преглед на **мерките и активностите** кои ги планира Центарот за развој на Источниот плански регион заедно со сите останати заинтересирани страни за остварување на **среднорочните цели** предвидени со Програмата, како и соодветните **индикатори за изведба.** Исто така Акциониот план ја содржи и планираната **временска рамка** за спроведување на активностите во текот на 2015 години, како и **индикативните** потребни ресурси и **финансиски средства** за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и **можните извори за финансирање** и **носителите** на активностите. Потребните ресурси и финансиски средства, како и изворите на финансирање и одговорните за реализација на активностите кои се вклучени во Акциониот план се само проценка за потребите на планирањето. Вистински потребните ресурси и финансиските средства ќе се одредат во процесот на изработката на проектните апликации и во процесот на изработка на тендерските документации за имплементација на проектите, кога ќе се располага со повеќе информации.

Во акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2015 година се вклучени проекти кои се планира да се реализираат директно преку Центарот за развој на Источниот плански регион во координација со партнерските општини и останати институции, проекти предвидени во програмите на линиските министерства и проекти од останати чинители кои учествуваат во реализација на зацртаните цели и приоритети во Програмата за развој на Источниот плански регион.

## 2. Среднорочни цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2015 - 2019 година

***<u>Визијата за регионалниот развој на Источниот плански регион</u>*** упатува на крајната цел што треба да се постигне.

***Визијата е:*** *Источниот плански регион е модерен регион со динамичен економски развој базиран на развојот на човечките ресурси и современата технологија, препознатлив по зачувана животна средина, оддржливо земјоделство и подобрениот квалитет на живеење.*

Врз основа на дефинираната Визија, како и стратегиската политика за регионален развој на Источниот плански регион, произлезена од анализата на SWOT факторите - **поддршка на можностите за развој на регионот и надминување на слабите страни** - се дадени среднорочните цели за развој на Источниот плански регион со главните приоритети во периодот 2015 - 2019 година.

Среднорочните цели и главни приоритети преку кои ќе се придонесе за спроведување на поставената визија се прикажани во **Табела број 1**.

Реализирањето на овие цели, може да се случи единствено преку партнерство помеѓу сите зинтересирани страни за регионалниот развој, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во регионот, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови. Исто така, Јавно-приватното партнерство треба да биде еден од основните механизми за поврзување на јавниот и приватниот интерес во процесот на социо-економски развој на Источниот плански регион.

**Табела 1**

| | Стратешки цели | Приоритети |
|---|---|---|
| **1** | Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање; | 1.1. Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот; |
| | | 1.2. Развој на претприемништвото и на малиот бизнис во регионот; |
| | | 1.3. Транспорт, комуникации и просторно планирање; |
| **2** | Современо и квалитетно образование, здравство и социјални дејности во регионот; | 2.1. Подобрување на просторните услови и опременоста на училиштата во регионот; |
| | | 2.2. Подобрување на условите во здравствените установи во регионот; |
| **3** | Сочувана и унапредена животна средина | 3.1. Регионално управување со комуналниот цврст отпад; |
| | | 3.2. Заштита на водните ресурси; |
| | | 3.3. Одржливо користење на енергијата; |
| | | 3.4. Климатски промени и заштита на биодиверзитетот; |
| **4** | Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој; | 4.1. Создавање на инфраструктурни и други поврзани услови за земјоделски и рурален развој на регионот; |
| | | 4.2. Подобрување на капацитетите во земјоделството и промоција на земјоделството и руралниот развој; |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам. | 5.1. Развој на селективни видови на туризам ( планински, рурален, културен и спа туризам); |
| | | 5.2. Зајакнување на институционалните и човечки капацитетите за развој во туристичкиот сектор; |

## 3. Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој

Носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој како и улогата и одговорностите на различните учесници во процесот на планирањето и спроведувањето на Програмата за развој на Источниот плански регион, се дефинирани со Законот за рамномерен регионален развој:

- **Владата на Република Македонија**;
- **Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија**;
- **Министерството за локална самоуправа и**
- **Советот за развој на Источниот плански регион.**

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат:

- **Бирото за регионален развој;**
- **Центарот за развој на Источниот плански регион и**
- **Единиците на локалните самоуправи** во состав на Источниот плански регион: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.

**Советот за развој на Источниот плански регион** е одговорен за развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

**Центрот за развој на Источниот плански регион** има улога на оперативно тело чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на Источниот плански регион. Центрите за развој за својата работа одговараат на Советите за развој на планските региони.

**Единиците на локалната самоуправа**: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип заеднички треба да учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, но истовремено да подготвуваат и спроведуваат проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.

Со цел максимално да се користат расположивите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот.

Акциониот план за спроведување на Програмата за регионален развој на Источниот плански регион за 2015 година ја претставува првата рамка за воспоставување и развој на системот за поддршка на регионалниот развој во

Источниот плански регион и основа за соработка со линиските министерства, донаторите и другите чинители заинтересирани за вклучување во процесот на реализација на стратешките цели предвидени со Програмата за регионален развој на Источниот плански регион 2015 - 2019 година.

## 4. Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

Согласно Членот 27 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр. 63/2007), како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:

1. Буџетот на Република Македонија;
2. Буџетите на единиците на локалната самоуправа;
3. Расположивите фондови на ЕУ;
4. Други меѓународни извори;
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 28 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно закон.

Со Одлуката за класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2013-2017 ("Службен весник на РМ" бр. 88/2013) со која планските региони се класифицирани врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони ("Службен весник на РМ" бр. 88/2013), Источниот плански регион се наоѓа на трето место по развиеност од плански региони. Предвидено е **Источниот плански регион** да добива **11,3%** од **вкупните расположиви средства** кои, на **годишно ниво**, ќе се издвојат од **Буџетот на Република Македонија**.

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат за реализација на среднорочните цели и главни приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РМ. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Со фискалната политика утврдена во Буџетот за 2015 година ќе се обезбеди имплементација на програмите за рамномерен регионален развој за 2015 година, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

## 5. Акционен план за 2015 година за спроведување на Програмата за регионален развој на Источниот плански регион 2015 - 2019 година

Акциониот план за 2015 година е основа за следење на имплементацијата на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015 - 2019 година и основа за мерење на перформансите на Центарот за развој на Источниот плански регион во реализацијата на проектните активности. Во табела број 2 се дадени потребните финансиски средства за реализација на планираните активности (проекти) во 2015 година, групирани според среднорочните цели и приоритети дадени во Програмата за развој, додека во табеларниот дел од планот детално се прикажани сите планирани проектни активности (проекти) по програми, индикаторите, временската рамка, буџетот и носителите на активностите.

**Табела бр. 2**

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 1 | 105.834.109,00 | 21.180.000,00 | 116.379.536,00 | | **243.393.645,00** |
| СЦ 2 | 46.150.000,00 | 5.535.000,00 | 8.500.000,00 | | **60.185.000,00** |
| СЦ 3 | 30.000.000,00 | 56.744.093,00 | 1.700.000,00 | 76.914.440,00 | **165.358.533,00** |
| СЦ 4 | 8.400.000,00 | 1.480.000,00 | | | **9.880.000,00** |
| СЦ 5 | 197.065.338,00 | 500.000,00 | | | **197.565.338,00** |
| | | | | **Вкупно:** | **676.382.516,00** |

## С.Ц. 1. Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање

### Приоритет 1.1 Искористување на расположливите ресурси и конкурентски предности за привлекување на инвеститори во регионот

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1. | Мапирање на конкурентските предности во регионот | Мапирање на индустриски зони во ИПР<br>Изработка на Водич за Инвестиции во ИПР со мапа на слободни индустриски зони | Број на нови инвеститори активни во ИПР<br>Обем на инвестиции во индустриските зони | 2015-2016 | 432.000,00 | ЦРИПР, СРИПР, МЛС, УНДП, Министерство за економија, ТИРЗ |
| 1.1.1. | Мапирање на конкурентските предности во регионот | Изработка на интерактивен Веб портал за потребите на МСП и потенцијалните инвеститори<br>- привлекување на ,,greenfield" и ,,brownfield" инвестиции. | Изработен интерактивен Веб портал<br>Промоција на индустриските зони во ИПР | 2015-2016 | 170.000,00 | ЦРИПР, СРИПР, МЛС, УНДП, Министерство за економија, ТИРЗ |
| 1.1.2. | Прилагодување на понудата на пазарот на трудот кон потребите на инвеститорите | Спроведување на анкета за потребите на стопанството од регионот од поедини стручни профили | Намален број на невработени | 2015 | 60.000,00 | ЦРИПР, АВРМ, УНДП, МЛС, Министерство за економија |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2. | Прилагодување на понудата на пазарот на трудот кон потребите на инвеститорите | Изградба на инфраструктура во индустриска зона Облешево, во општина Чешиново-Облешево<br>Изградба на патна и комунална инфраструктура | Изградена патна и комунална инфраструктура во индустриската зона<br>Обем на инвестиции во новата индустриска зона<br>Број на започнати нови бизниси<br>Број на нови вработувања<br>Намален број на невработени | 2015-2016 | 95.000.000,00 | Општина Чешиново-Облешево, Министерства на Р.М, Агенција за странски инвестиции |
| 1.1.2. | Прилагодување на понудата на пазарот на трудот кон потребите на инвеститорите | Изработка на Стратегија за поддршка на МСП со АП во ИПР и Стратегија за комуникација | Изработена Стратегија за комуникација<br>Изработена Стратегија за поддршка на МСП | 2015 | 272.109,00 | ЦРИПР, УНДП, МЛС, Министерство за економија |
| 1.1.3. | Изнаоѓање на дополнителни погодности за инвеститотите | Изработка на Студија за утврдување на неискористени локации и деловни објекти на поранешни задруги<br>Подготовка на комплетни апликации за отварање на мали индустриски паркови, бизнис инкубатории и занаетчиски центри | Изработена Студија<br>Отворен бизнис инкубатор /Технолошки парк | 2015 | 9.000.000,00 | Агенција за странски инвестиции, ЕЛС во ИПР, бизнис сектор, ИПА, ГИЗ РЕД |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3. | Изнаоѓање на дополнителни погодности за инвеститотите | Организирање на Донаторска конференција за унапредување и развој на Ски туризмот на Пониква и Царев Врв на Осогово | Одржана донаторска конференција | 2015 | 600.000,00 | ЦРИПР, Општините од ИПР, ГИЗ РЕД, Агенција за странски инвестиции |
| 1.1.4. | Промоција на регионот и на неговите конкурентски предности | Дизајн и печатење на материјал за промоција на потенцијалите на ИПР Спроведување на серија од работилници, семинари , домашни и меѓународни саеми за деловно поврзување на претприемачи и бизниси од регионот со други региони | Спроведена економска промоција на ИПР | 2015 | 300.000,00 | Агенција за странски инвестиции, Економски промотори на Р.М., ЕЛС во ИПР, УНДП, Министерство за економија |

| Приоритет 1.2 Развој на претприемништво и на малиот бизнис во регионот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 1.2.1. | Поттикнување на приватната иницијатива и малиот бизнис | Работни средби и консултации со претприемачите од ИПР за искористување на расположливите фондови Размена на искуства со претприемачи од соседните региони и поддршка за вмрежување и основање на кластери | Број на работни средби Број на посетители Формиран кластер во ИПР | 2015 | 150.000,00 | ЦРИПР, УНДП, МЛС, Министерство за економија |
| 1.2.2. | Поддршка на бизниси од висока технологија и креативни индустрии | Спроведување на серија од работилници и семинари за претставници од бизнис секторот и Формирање на кластер за креативни индустрии | Број на работилници Број на посетители Формиран кластер за креативна индустрија | 2015 | 615.000,00 | ЦРИПР, Општина Штип, ИПА |
| 1.2.2. | Поддршка на бизниси од висока технологија и креативни индустрии | Вмрежување на мултимедијални центри во прекуграничниот регион | Изграден мултимедијален центар | 2015 | 20.295.000,00 | ЦРИПР, Општина Штип, ИПА |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.3. | Подигање на капацитетот на бизнисите за пристап до развојните фондови | Обуки за унапредување на експертизата на менаџерските структури и на членовите на работните тимови од МСП во ИПР за пристап до софистицирани форми на финансирање на развојот на МСП | Број на посетители, Број на одржани обуки | 2015 | 120.000,00 | ЦРИПР, УНДП, МЛС, Министерство за економија |
| **Приоритет 1.3 Транспорт, комуникации и просторно планирање** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 1.3.1. | Реконструкција и градба на патната мрежа | Асфалтирање на патен правец с. Пантелеј-с. Рајчани со поврзување со с. Турско Рударе | Изграден пат од 2,5 км | 2014 - 2016 | 16.500.000,00 | ЦРИПР, општина Кочани и општина Пробиштип |
| 1.3.1. | Реконструкција и градба на патната мрежа | Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец Кочани - Пониква | Подготвена техничка документација за патен правец во должина од 20 км | 2015-2016 | 985.000,00 | ЦРИПР, Општина Кочани |
| 1.3.1. | Реконструкција и градба на патната мрежа | Изградба на патен правец, Бараките на Равна Река до Ченгино Кале - Караула | Изграден патен правец во должина од 5 км | 2015 | 30.000.000,00 | Општина Пехчево, ЦРИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.1. | Реконструкција и градба на патната мрежа | Изградба на локален пат до м.в. Манастир, црква Св. Петка, општина Пехчево | Изграден патен правец во должина од 1,5 км | 2015 | 9.210.036,00 | Општина Пехчево, ЦРИПР |
| 1.3.2. | Подобрување на транспортните услуги и мобилност | Подготовка на проектна апликација за изградба на пешачки и велосипедски патеки по Патеката на железната завеса | Изработена техничка документација | 2015 | 184.500,00 | ЦРИПР, ЦРЈИПР, ГИЗ РЕД |
| 1.3.3. | Интеграција на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) | Надградба на ГИС системот во ИПР<br>Воспоставен подземен катастер во ИПР | Број на нови изработени подлоги Должина на воспоставен подземен катастер | 2015-2018 | 49.200.000,00 | МТВ, МЖСПП, ЦЕП, МФ, МНР, ЦРИПР, ЦМСР-Словенија, ЕЛС |
| 1.3.4. | Градење на функционално-просторни структури | Програма за зачувување на природата во Македонија Подготвување,<br>изработка на Просторен план за ИПР | Изработен регионален просторен план на ИПР | 2015-2016 | 10.000.000,00 | SDC, Хелветас, Фармахем, ЦРИПР |
| 1.3.4. | Градење на функционално-просторни структури | Урбанистички план вон населено место - Баргала | Урбанистички план Урбанистички проект | 2015 | 300.000,00 | ЦРИПР, Општина Карбинци, МЖСПП, МТВ, |
| **Вкупно:** | | | | **243.393.645,00** | | |

| С.Ц.2. Современо и квалитетно образование, здравство и социјални дејности | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.1 Подобрување на просторните услови и опременоста на училиштата во регионот** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 2.1.1. | Реконструкција и изградба на згради за училишта, училишни и студентски домови | Проект за реконструкција и изградба на нови училишни установи во руралните населби | Отворени нови предучилишни установи во руралните средини Покриеност на население, Број на згрижени деца | 2015-2016 | 6.150.000,00 | ЦРИПР, ЕЛС, Министерства, ИПА |
| 2.1.1. | Реконструкција и изградба на згради за училишта, училишни и студентски домови | Реконструкција на училишни објекти, замена на азбесни кровови и прозори | Реконструирани училишни објекти во ИПР | 2015-2017 | 40.000.000,00 | ЦРИПР, ЕЛС, Министерства, ИПА |

| Приоритет 2.2. Подобрување на здравствените установи во регионот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 2.2.2. | Економско искористување на опремата и знаењето во здравството за привлекување на пациенти од странство | Истражување на болести и форми за епидемиологија во медицината | Одобрен концепт<br>Одобрена апликација<br>Потпишан договор за реализација | 2015-2017 | 5.535.000,00 | Хоризонт 2020, Програма за унапредување на работата на здравствениот систем, демографските промени и благосостојба, Клиничка болница Штип, ЦРИПР |

| Приоритет 2.3. Подобра социјална инклузија на сите ранливи категории население | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 2.3.1. | Задоволување на потребите на регионот во доменот на современа детска заштита и училишна инклузија | Доградба на објект и отварање на детска градинка во Облешево | Изградена детска градинка<br>Активна заштита на децата<br>Број на нови вработувања | 2015 | 2.200.000,00 | МТСП, ЕЛС Чешиново-Облешево |

| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.2. | Побрување на грижата за стари лица во регионот | Изградба на Дом за стари и изнемоштени лица во ИПР | Изграден Дом за стари и изнемоштени лица во општина Кочани | 2015-2016 | 3.300.000,00 | Општина Кочани, Здружение на пензионери, Министерство за труд и социјала, ЈПП, ИПА |
| 2.3.3. | Изградба на центри за згрижување и повремен престој на лица, дом за сместување на лица бездомници, народна кујна за социјални случаи | Народна кујна за социјални случаи во Општина Чешиново-Облешево | Број на лица опфатени со проектот Народна кујна | 2015 | 3.000.000,00 | Општина Чешиново-Облешево |
| **Вкупно:** | | | | **60.185.000,00** | | |

| С.Ц.3. Сочувана и унапредена животна средина | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.1. Регионално управување со комуналниот цврст отпад** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 3.1.1. | Воспоставување на регионално управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот | Воспоставување на систем за интегрално управување со отпад во ИПР-ФАЗА III | Изработена Студија за можности со одредена локација | 2015-2016 | 30.000.000,00 | ЦРИПР, ЕЛС, МЖСПП, ЕУ |
| **Приоритет 3.2. Заштита на водните ресурси** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 3.2.1. | Подобрување на водоснабдувањето | Проект за управување со сливот на река Брегалница Објавени два повика за прибирање на предлог-проекти за подобрување на водоснабдувањето во ИПР. Прв повик за мали инфраструктурни проект Втор повик за големи инфраструктурни проекти | Добиени 11 договори за реализација на мали инфраструктурни проекти Добиени 3 договори за големи инфраструктурни проекти за пречистителни станица по текот на река Брегалница | 2015-2016 | 34.400.000,00 | SECO-Швајцарија, Влада на Р.М, општините по текот на река Брегалница во ИПР |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.2. | Заштита на површинските и подземните води | Заштита на животната средина за оддржлив развој на туризмот во СРТЦ Пониква на Осогово | Изработена техничка документација за изградба на систем за одведување и третман на отпадни, фекални и атмосферски води во СРТЦ Пониква во должина од 14,1 км | 2015 | 2.252.209,00 | МЛС, БРР, ЦРИПР, Општина Кочани и Пробиштип |
| 3.2.2. | Заштита на површинските и подземните води | Изработка на техничка документација за чистење и регулирање на целиот тек на река Брегалница во ИПР | Изработена комплетна техничка документација | 2015-2017 | 4.920.000,00 | ЦРИПР, 11 Општини од ИПР, МЖСПП |
| 3.2.2. | Заштита на површинските и подземните води | Продолжување на колекторот на река Брегалница од Делчево до индустриска зона Долно Бавчи (II фаза) | Изграден колекторски систем | 2015-2016 | 10.000.000,00 | МЛС, БРР, ЦРИПР, Општина Берово, Општина Делчево |
| 3.2.2. | Заштита на површинските и подземните води | Ревитализација на р. Брегалница - третман на отпадни води с. Чифлик (II фаза) | Изградба на крак 4,6,8,9, 10 и 11. | 2015 | 5.171.884,00 | МЛС, БРР, ЦРИПР, Општина Пехчево |

| Приоритет 3.3. Одржливо користење на енергијата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 3.3.2. | Намалување на потрошувачката на енергија | Реконструкција на образовните институции од ИПР, за зголемување на енергетска ефикасност | Изработена техничка документација Реконструирани училишта | 2015-2016 | 1.200.000,00 | ЦРИПР, ЕЛС, МЖСПП, МЕ, Бизнис сектор |
| 3.3.2. | Намалување на потрошувачката на енергија | Спроведени обуки за монтажери на термални и фотонапонски соларни системи во ИПР | Број на спроведени обуки Број на обучени лица | 2015-2016 | 500.000,00 | Симбиоза, Екосолар, Генерален Секретаријат на Влада на РМ, ЦРИПР |

| Приоритет 3.4. Климатски промени и заштита на биодиверзитетот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 3.4.1. | Зачувување на биолошката разновидност | Проект за пошумување | Пошумени ha на неплодно и оголено земјиште | 2015 | 6.150.000,00 | ЦРИПР, ЕЛС, МЗШВ |
| 3.4.1. | Зачувување на биолошката разновидност | Реконструкција и надградба на Караула "Ченгино Кале" во Едукативен ЕКО Центар, за заштита и промоција на биодиверзитетот на Малешевските планини, со сместувачки и угостителски комплекс | Изграден едукативен ЕКО Центар на Ченгино Кале | 2015-2017 | 24.769.440,00 | Општина Пехчево, ИПА, ЦРИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.1. | Зачувување на биолошката разновидност | Реконструкција на старо училиште во с. Шталковица | Целосно реконструиран и опремен Едукативен Центар за Природа | 2015 | 10.000.000,00 | ЦРИПР, Општина Пробиштип, SDC, Фармахем |
| 3.4.1. | Зачувување на биолошката разновидност | Прогласување на нови заштитени подрачја, Локалитет Раткова Скала | Прогласено ново заштитено подрачје во ИПР Зголемен бројот на заштитени подрачја на Р.М. | 2015 | 200.000,00 | Општина Пробиштип, ЦРИПР, МЖСПП |
| 3.4.1. | Зачувување на биолошката разновидност | Анализа на недостатоци во еколошките податоци на сливот на река Брегалница | Изработена ГАП анализа и Мапа на сензитивност | 2015 | 20.295.000,00 | SDC, Хелветас, Фармахем, ЦРИПР |
| 3.4.2. | Климатски промени | Воспоставување на мерки за заштита од поплави | Воспоставени мерки за заштита во ИПР, реализирани активности | 2015-2017 | 15.500.000,00 | Општините од ИПР, ЦРИПР, ИПА, Транснационална Програма за соработка Балкан-Медитеран |
| **Вкупно:** | | | | **165.358.533,00** | | |

| С.Ц.4. Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 4.1. Создавање на инфраструктурни и други поврзани услови за земјоделски и рурален развој на регионот** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 4.1.1. | Ревитализација и проширување на мрежата за наводнување | Изработка на основен проект за мали акумулации на Арамиска чешма | Изработена техничка документација | 2015-2017 | 7.400.000,00 | ЦРИПР, Општина Кочани, БРР, МЛС |
| 4.1.2. | Креирање на услови за зголемување на инвестициите во земјоделството | Изградба на регионален сточен пазар во село Облешево | Изработена техничка документација за пристап и паркинг за регионален сточен пазар | 2015-2016 | 1.000.000,00 | ЦРИПР, ФЗНХ, Општина Чешиново-Облешево, МЛС, БРР, МЗШВ |
| **Приоритет 4.2. Подобрување на капацитетите во земјоделството и промоција на земјоделството и руралниот развој** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 4.2.1. | Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во земјоделието | Обуки за користење на средства од актуелни фондови за примарните земјоделци, производителите, земјоделските здруженија и институциите | Број на одржани обуки, број на обучени корисници, број на добиени договори за финансирање | 2015-2016 | 600.000,00 | ЦРИПР, МЗШВ, АФПЗРР, УГД-КРР, Замјоделски здруженија од ИПР, ФФРМ, примарни земјоделци |

| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.1. | Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во земјоделието | Организирање на настани, изложби, саеми и манифестации за промоција на локални производи значајни за руралниот развој | Број на спроведени промотивни настани Број на учесници Број на посетители | 2015 | 700.000,00 | Општините од ИПР, НВО, Министерства, ИПА |
| 4.2.1. | Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во земјоделието | Формирање на ЛАГ групи во ИПР | Број на формирани лагови | 2015 | 180.000,00 | Општините од ИПР, Бизнис сектор, НВО, МЗШВ, Универзитет Гоце Делчев-КРР |
| **Вкупно:** | | | | **9.880.000,00** | | |

| С.Ц.5. Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 5.1. Развој на селективни видови на туризам (планински, рурален, културен и спа туризам)** | | | | | | |
| Р. Б. | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 5.1.2. | Изготвување на стратешки документи во туризмот | Изработка на Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со акционен план ( 2015-2024 ) | Изработен стратешки документ за ИПР | 2015 | 3.127.000,00 | SDC, Хелветас, Фармахем, ЦРИПР |
| 5.1.2. | Изготвување на стратешки документи во туризмот | Изработка на Физибилити Студија за интер регионален развој на селективните видови на туризам и оддржлив рурален развој за Источниот, Југоисточниот и Североисточниот плански регион | Изработена Физибилити Студија | 2015 | 1.845.000,00 | ЦРИПР, ЦРЈИПР, ЦРСИПР, ГИЗ РЕД |
| 5.1.2. | Изготвување на стратешки документи во туризмот | Изработка на Физибилити Студија за развој на Ски туризмот на Царев Врв, Осогово | Изработена физибилити студија | 2015 | 3.300.000,00 | ИПА Програма за прекугранична соработка |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Пристапност до туристички, историски и археолошки локалитети и знаменитости во ИПР со цел создавање на интегрирана туристичка понуда | Подготвени 12 комплетни технички документации за пристап до туристички, историски и археолошки локалитети и знаменитости во ИПР во должина од 45,7 км | 2015 | 5.320.738,00 | МЛС, БРР, 11 Општини, ЦРИПР |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изградба на пропратна туристичка инфраструктура, ски лифтови и останата инфраструктура за подобрување на туристичката понуда на Пониква, Осогово | Изградена инфраструктура | 2015 | 20.000.000,00 | Општина Кочани, Општина Пробиштип, ЦРИПР, Донатори |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изградба на ски лифт во Беровско Езеро | Изграден и пуштен во употреба ски лифт во должина 500м | 2015 | 1.845.000,00 | МЕПСО, Општина Берово |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Подобрување на патната комуникација до Ченгино Кале | Изградба на 5 км локален пат | 2015 | 30.000.000,00 | ЦРИПР, Општина Пехчево |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изградба на регионален пат Пониква-Пробиштип | Изграден патен правец Пониква-Пробиштип | 2015 | 30.000.000,00 | ЦРИПР, Општина Пробиштип, МТВ |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изградба на Регионален спортско рекреативен центар "Брегалница" | Изграден хотелски комплекс, атрактивно водено село, спортско рекреативни терени и мал и голем базен | 2015-2018 | 3.447.069,00 | ЈПП, Општина Штип, Агенција за млади и спорт, ИПА |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изработка на комплетна техничка документација за изградба и опремување на термален Аква парк во општина Кочани | Изработена техничка документација  Општина Кочани донесе ДУП за изградба на термален аква парк во непосредна близина на цефководот со геотермална вода | 2015-2017 | 1.800.000,00 | ЦРИПР, Општина Кочани, СФС, Агенција за млади и спорт |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Трасирање на велосипедски патеки, по патеката на железната завеса и останати велосипедски и планински патеки | Изработка на техничка документација за велосипедска патека по патеката на железната завеса | 2015 | 1.850.000,00 | ЦРИПР, ЦРЈИПР, ГИЗ РЕД |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изградба на инфраструктура на Голак - камп пристапен пат | Изработена техничка документација Изграден пристапен пат до Голак-камп | 2015-2016 | 35.000.000,00 | Општина Делчево, бизнис сектор |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Партерно уредување на локалитетот Свиланово, спомен обележјето во чест на загинување на првиот претседател на Крушевската Република, Никола Карев. Реконструкција на спомен плочата, уредување на парковно зеленило, осветлување и дополнителни содржини | Уреден објект Број на посетители | 2015 | 7.000.000,00 | Општина Чешиново-Облешево |
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Изработка на техничка документација за Регионален Еко Забавен Авантуристички Парк | Изработена техничка документација за Регионален Еко забавен авантуристички парк - Берово | 2015 | 1.845.000,00 | ЦРИПР, Општина Берово |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.3. | Подобрување на туристичката инфраструктура | Овозможување на услови за одржлив развој на Бањски туризам во с.Бања, општина Чешиново-Облешево<br>Реконструкција и адаптација на простор за сметстување на пациенти кои ќе ги користат услугите на бањата | Број на легла<br>Број на посетители | 2015-2016 | 40.000.000,00 | Општина Чешиново-Облешево, МТСП, ЦРИПР |
| 5.1.5. | Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда | Развој на етно туризам преку туристички производ за возрасни<br><br>Креирање на туристички програми и нивна промоција<br>Создавање на атрактивни туристички аранжмани кои ги вклучуваат селективните видови на туризам | Изработен туристички пакет за возрасни туристи во ниски и средни туристички сезони<br>Организирана меѓународна конференција за развој на туризмот<br>Реализирани две туристички тури за возрасни туристи во ИПР | 2015 | 255.531,00 | HORIZONT 2020/COSME EU, ЦРИПР/Бугарија, Словенија, Србија и Босна и Херцеговина |

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.5. | Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда | Развој на туристичко рекреативно место, Лесново Реконструкција на стари објекти во етно куќи и сместувачки капацитети со вклучување на населението од с. Лесново | Изработена техничка документација и завршена реконструкција на 10 стари куќи во Лесново | 2015-2016 | 10.000.000,00 | ЦРИПР, Општина Пробиштип, Министерство за култура, ИПА |
| 5.1.5. | Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда | Изработка на материјали за развој и промоција на туристичката понуда и за промоција на ски туризмот во ИПР | Изработени и десиминирани промотивни лифлети и брошура за ИПР | 2015 | 430.000,00 | ЦРИПР, ГИЗ РЕД |
| **Приоритет 5.2. Зајакнување на институционалните и човечки капацитетите за развој во туристичкиот сектор** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ** | **Носители на активности** |
| 5.2.1. | Едукација, обуки, размена на искуства и позитивни примери во туризмот | Размена на искуства и позитивни примери за вработените во туристичкиот сектор (администрација, бизнис сектор, угостителство). | Организирање на едукативно патување во странство | 2015 | 500.000,00 | ЦРИПР, ГИЗ РЕД, бизнис сектор |
| **Вкупно:** | | | | **197.565.338,00** | | |

| | |
|---|---|
| **Се вкупно:** | **676.382.516,00** |

**Дата: 22.01.2015**

**Совет за развој на Источен плански регион**

**Претседател**

**Тони Тоневски**